Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 51, 15 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот машинство, земјоделско машинство и механизација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Историја на музика 2 “ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Хармонија 1“ од м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот – скрипта „Полифонија 1“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот - скрипта „Полифонија 2“ од м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ИСТОРИЈА НА МУЗИКА 2 " ОД Д-Р СТЕФАНИЈА ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Со Одлука бр. 1902-97/25, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на својата редовна седница, одржана на 23.9.2010 година, избра рецензенти:

1. доц. м-р Гоце Гавриловски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип;
2. доц. м-р Марјан Јанковски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип,

за рецензија на приложениот ракопис за издавање на скрипта **„Историја на музика 2" од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска,** по **предметот Историја на музика 2** наменет за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предметот Историја на музика 2 се слуша во II семестар, на одделите: Музичка теорија и педагогија, со неделен фонд на часови од 2+2+2 со 8 кредити, Инструментален оддел, со неделен фонд на часови 2+2+1 со кредите 6 и Вокален оддел, со неделен фонд на часови 1+1+1, со кредити 4 на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Во нашата земја досега е издадена една книга од проф. д-р Сотир Голабовски, во која делумно се обработува дел од светската историја на музика која се изучува во овој семестар, па оттука потребата да се издаде учебно помагало кое би соодветствувало конкретно со содржината на овој предмет, а постојното само како дополнително учебно помагало по истиот. Ракописот кој е доставен на рецензентската комисија претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе можат целосно да ги реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Ракописот кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет - Историја на музика 2 е напишан на 65 страници, по што следи прилог за користена литература. Предметната материја во која е обработена историјата на европската музиката од XVIII и првата половина на XIX век е систематизирана во три дела аналогни на застапените стилски периоди:

1. МУЗИЧКИ БАРОК
2. МУЗИЧКА КЛАСИКА и
3. МУЗИЧКИ РОМАНТИЗАМ.

Првиот дел, што ги опфаќа воведот и најзначајни карактеристики на музичкиот барок, е претставен преку најголемите композиторски имиња и настани во музиката на XVIII век. Овој дел е поделен во пет поглавја: 1. Творештвото на J.C. Бах; 2. Творештвото на Г.Ф. Хендел, 3. Развитокот на инструменталната музика преку италијанските композитори и виолинисти, 4. Појавата на нови музички форми, 5. Водечки музички центри и Манхајмската школа.

Вториот дел темелно и сеопфатно ја претставува музичката класика преку анализата на творештвото на Ј.Хајдн и В. А. Моцарт. Во овој дел со посебен акцент се осврнува на влијанието на историските настани во XIX век врз музиката и значењето на вокалното и инструментално творештво на Л. ван Бетовен. Следствено, во третото поглавје е направена музичко-естетска и социолошка анализа на причините за реформирањето на класичната симфонија и новата улога на оркестарот преку деветте симфонии на Л. ван Бетовен.

Третиот дел од оваа скрипта систематизирано, јасно и прегледно ја презентира појавата и значењето на музичкиот романтизам во првата половина на XIX век во шест поглавја: 1. Прва генерација германски романтичари - Ф. Шуберт, К. М. Вебер, Ф. Менделсон, Р. Шуман; 2. Појавување на националните музички школи; 3. Музиката во Русија; 4. Основоположник на полската национална музика - Ф. Шопен; 5. Оперското творештво во Италија и 6. Оперското творештво во Франција.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Авторот на овој комплетен, квалитетен и систематизиран хронолошки преглед на историските правци по кои се развива европската музичката уметност во XVIII век и првата половина на XIX век на крајот вклучува и преглед на користената литература, која укажува на одличен избор од стручна музиколошка литература со високо ниво.

Материјалот изнесен во скриптата во целост ги задоволува целите на Наставниот план и програма по предметот Историја на музика 2 и според начинот на кој ја обработува предметната материја ги исполнува сите стандарди за скрипта, **поради што им ја препорачуваме на студентите од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**Штип, 15.12. 2010 г.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. м-р Гоце Гавриловски, с.р.**
**Доц. м-р Марјан Јанкоски, с.р.**